РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА
ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
Бр. 0801-114/4
26.10 2017 год.
СКОПЈЕ

Република Македонија

КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА
ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ул. Кеј Димитар Влахов бб (Зграда на МРТВ), спрат 20, Скопје
тел. +389 (0)2 3232-242; e-mail: contact@kzd.mk

Комисијата за заштита од дискриминација на Република Македонија (во понатамошниот текст Комисијата), постапувајќи по Претставката бр. 0801-114/1 од 23.05.2017 год. од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а врз основа на член 24 и 28 од Законот за заштита и спречување од дискриминација („Службен Весник на РМ„ бр.50 од 13.04.2010 год.) на седницата одржана на 21.09.2017 год., го донесе следното

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ
Примено: 30.10.2017
Орг. единица: 03 | Број: 2579/3 | Прилог: 1 | Вредност:

0306
10 год.
Потпис,
20 г.
Скопје

## М И С Л Е Њ Е

***Се утврдуваат елементи на дискриминација во претставката на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги против трговското радиодифузно друштво Алфа ТВ ДООЕЛ Скопје врз некоја од законските дискриминаторски основи според чл.3 од Законот за спречување и заштита од дискриминација во областа на јавно информирање и медиуми.***

### *О б р а з л о ж е н и е*

**1. Тек на постапката**

До Комисијата за заштита од дискриминација е поднесена Претставка бр. 0801-114/1 од 23.05.2017 година од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги со која известува дека трговско радиодифузно друштво Алфа ТВ ДООЕЛ Скопје, има предизвикано дискриминација, по основ на етничка припадност и припадност на маргинализирана група во областа на јавно информирање и медиуми.

Подносителот на претставката, наведува дека телевизија АЛФА во одреден прилог има извршено акт на дискриминација. Тој прилог кој бил емитуван на вестите во 17.30 и 23.00 часот на 15.5.2017 година бил со телоп „Се побројни и понасилни се циганите на раскрсниците". Со оваа најава телевизија Алфа поттикнала и ширела дискриминација кон Ромите врз основа на етничка припадност и на припадност на маргинализирана група. Дискриминаторските активности се однесуваат на тоа што емитуваниот прилог се однесува конкретно на ромите и со тоа се ширеле навредливи содржини за маргинализирана група на граѓани.

ул. Кеј Димитар Влахов бб (Зграда на МРТВ), спрат 20, Скопје
тел. +389 (0)2 3232-242; e-mail: contact@kzd.mk

По разгледувањето на претставката Комисијата констатира дека се исполнети материјалните и процедуралните претпоставки за поведување постапка за утврдување на дискриминација. Во текот на постапката, Комисијата го идентификуваше основот и областа на дискриминација.

До трговско радиодифузно друштво Алфа ТВ ДООЕЛ Скопје е пратено Барање за изјаснување за дискриминаторските наоди, бр. 0801-114/2 на 14.07.2017 година.

Од страна на трговско радиодифузно друштво Алфа ТВ ДООЕЛ Скопје е добиен одговор бр. 0801-114/3 на 07.08.2017 година. Телевизија Алфа во своојот одговор укажува дека не постоела намера да изврши дискриминација и дека е направена грешка. Заради оваа грешка бил извршен надзор во телевизијата со што уредувачкиот колегиум донел одлука да се казнат новинарот кој го снимил овој прилог и уредникот со 20% од платата во текот на 3 месеци.

**2.Утврдување на фактичка состојба**

Во текот на постапката Комисијата ги анализираше сите релевантни факти, поединечно и заедно како целина и констатира дека предметот на поднесената претставка се однесува на емитување на навредливи содржини за маргинализирана група на граѓани на овластен радиодифузен сервис. Комисијата констатира дека постојат дејствија на дискриминација по основ на етничка припадност и припадност на маргинализирана група во областа на медиуми и јавно информирање.

**3. Законска рамка**

**- Законот за спречување и заштита од дискриминација**

Се забранува директна или индиректна дискриминација, повикување и поттикнување на дискриминација и помагање во дискриминаторско однесување врз основа на пол, раса боја на кожа, род припадност на маргинализирана група, етничка припадност, јазик, државјанство,социјално потекло,религија или верско уверување, други видови уверувања, образование, политичка припадност, личен или општествен статус ментална и телесна попреченост, возраст семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба или која било друга основа која е предвидена со закон или со ратификуван меѓународен договор (Член 3).

Република Македонија

КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА
ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ул. Кеј Димитар Влахов бб (Зграда на МРТВ), спрат 20, Скопје
тел. +389 (0)2 3232-242; e-mail: contact@kzd.mk

**- Закон за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Аудио и аудиовизуелните медиумски услуги не смеат да содржат програми со кои се загрозува националната безбедност, се поттикнува насилно уривање на уставниот поредок на Република Македонија, се повикува на воена агресија или оружен конфликт, се поттикнува или шири дискриминација, нетрпеливост или омраза врз основа на раса, пол, религија или националност (Член 48).

**4. Анализа на факти и докази**

Комисијата за заштита од дискриминација, во конкретниот случај го разгледа предметот и констатира дека е извршена дискриминација, по основ на етничка припадност и припадност на маргинализирана група. Имајќи предвид дека се конкретизира и се наведува на одредена група дека шири насилство на раскрсниците на улиците постои повреда на Законот за спречување и заштита од дискриминација, во смисла на ширење на омраза и нетрпеливост.

Врз основа на споменатото, Комисијата во согласност со член 24 став 1, како и член 28 и 29 од Законот за спречување и заштита од дискриминација ја дава следната:

## ПРЕПОРАКА

Во согласност со членот 28 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, се препорачува трговско радиодифузно друштво Алфа ТВ ДООЕЛ Скопје да ја отстрани повредата на правото, во рок од 30 дена од денот на приемот на препораката на начин штов јавно ќе се извини до маргинализираната група дека е идентификувана како насилничка и дека шири насилство на раскрсниците по улиците, при што за тоа треба да ја извести Комисијата за заштита од дискриминација.

Врз основа на членот 29 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, доколку правното лице на кое е упатена препораката не постапи по препораката, односно не ја отстрани повредата на правото, Комисијата има право да покрене иницијатива пред надлежен орган за утврдување на одговорност.

Република Македонија

КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА
ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ул. Кеј Димитар Влахов бб (Зграда на МРТВ), спрат 20, Скопје
тел. +389 (0)2 3232-242; e-mail: contact@kzd.mk

Според членот 34 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Подносителот на претставката, односно Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги има право да поднесе тужба пред Основниот суд Скопје 2 во Скопје за надомест на штета, доколку не биде отстранета повредата во дадениот рок.

**Комисија за заштита од дискриминација**

**Претседател**

**Александар Даштевски**

Доставено на:

- Трговско радиодифузно друштво Алфа ТВ ДООЕЛ, Скопје

- Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги